Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 75-тата седница одржана на ден 14.10.2022 година ја донесе следнава

## ОДЛУКА

Постапката по предметот број 12-2264/1 од 24.06.2021 година, оформен по доставена пријава против ///, службено лице вработено во ///, Подрачно одделение ///, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека наводите од пријавата не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-2264/1 од 24.06.2021 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на непознат подносител, на ден 24.06.2021 година поднесена е пријава против ///, службено лице вработено во ///, Подрачно одделение ///, и оформен е предмет број 12-2264/1 од 24.06.2021 година.

Во пријавата во која не се посочени конкретни дејствија и во која не се прецизно наведени конкретни постапки, изнесени се општи наводи за незаконски дејствија вршени од страна на пријавениот во текот на подолг временски период. Според наведеното во пријавата, истиот неосновано одобрувал барања за денационализација, за што за возврат добивал поголем износ на парични средства. Дополнително, според подносителот на пријавата, пријавениот незаконски постапувал и во постапки за приватизација на градежно земјиште во државна сопственост, на штета на буџетот на државата, за што во неколку наврати лицето било пријавувано и во Министерството за внатрешни работи.

Заради проверка на наводите, ДКСК достави барање за прибирање на податоци и информации до Министерството за внатрешни работи.

Од увидот во информациите доставени од страна на Министерството за внатрешни работи, Биро за јавна безбедност, СВР ///, утврдено е дека согласно податоците од електронскиот билтен на СВР ///, пријавеното лице не е евидентирано во евиденции за извршување на кривични дела опишани во предметната пријава.

Со оглед на тоа што во пријавата се содржани општи наводи без да бидат посочени конкретни постапки, земајќи предвид дека истата е анонимна при што не постои можност да

обезбеди дополнителни информации за наводите, ДКСК оцени дека нема елементи за натамошно постапување, и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Изработил: А.Р.М.
Одобрил: Н.Б., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk